АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.04.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3085 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Спорт бокс“, и тоа:

   - изданието бр.7 на магазинот „Спорт бокс“ за април 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 април 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   Надзорот се врши со цел да се констатира дали Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје постапило по Решението за преземање мерка - опомена, кое Агенцијата му го упати на 04.03.2015 година во врска со исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка – опомена бр.03-530 од 04.03.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

   Решението е донесено поради тоа што издавачот на печатен медиум, во изданието бр.6 на магазинот „Спорт бокс“ од декември 2014 година, не ги објавил податоците за датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

6. **Констатации од надзорот:**

   Со надзорот е констатирано дека Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, во изданието бр.7 на магазинот „Спорт бокс“ за април 2015 година **постапило по опомената** и **во целост ја исполнило обврската** од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***